**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 бр.** 11-276
22.06 **2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 141 став 13 од истиот Закон, точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-2508/1 од 15.06.2020 година, порадиконстатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради реемитување на програмски сервис спротивно на член 141 од истиот Закон, од страна на Друштвото за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз ДООЕЛ ц.Чегране-Гостивар, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 23-та седница, одржана на 19.06.2020 година, согласно Заклучокот бр.02-2563/5 од 19.06.2020година, го донесе следното:

## Решение
## за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервис

1. **ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА** Друштвото за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз ДООЕЛ ц.Чегране-Гостивар, заради тоа што реемитувало програмски сервис кој не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е казниво по член 148 став 1 точка 25 и став 2 од истиот Закон.
   Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзорбр.11-2508/1 од 15.06.2020 година,кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на Друштвото за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз ДООЕЛ ц.Чегране-Гостивар, веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што ќе го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по решението односно продолжи со вршење на повредата за која е јавно опоменат, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

5. Ова решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во согласност со член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски

надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, а согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата на 12.06.2020 година, изврши редовен програмски надзор на програмските сервиси реемитувани од страна на операторот Друштвото за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз ДООЕЛ ц.Чегране-Гостивар, при што констатираше дека наведениот оператор реемитувал програмски сервис кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Констатациите од надзорот се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11 -2508/1 од 15.06.2020 година,кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 141 став 13 од истиот Закон, точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-2508/1 од 15.06.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение со кое кон погоре наведениот субјект се презема мерка јавна опомена и му се наложува веднаш по приемот на решението да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што ќе го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис.

Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по налогот, односно по јавната опомена и престанал со реемитување на програмскиот сервис.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):

- Писмен извештај за извршен програмски надзор,бр.11-2508/1 од 15.06.2020 година.

Доставено до:
- Друштвото за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз ДООЕЛ ц.Чегране-Гостивар;
- Управителот/одговорно лице на Друштвото за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз ДООЕЛ ц.Чегране-Гостивар;
- Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права;
- Секторот за правни работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп1; и
- Агенцијата за електронски комуникации.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 15-06-2020
Орг. единица / Njësia org.: 11 | Број / Numër: 2508 | Прилог / Shtesë: 1 | Вредност / Vlerë:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** <u>**редовен**</u>

**2. Субјекти на надзорот:** Друштво за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз с.Чегране-Гостивар

**3. Датум на извршување на надзорот:** 12.06.2020 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20):

4.2. член 64 став 2 – „Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите“.

4.3. член 141 – „Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис“.

**5. Претходно изречени мреки: нема**

6. Констатации од надзорот:

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз с.Чегране-Гостивар, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на РС Македонија, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „Канал 5" кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**ПРЕДЛОГ МЕРКА:**

1. Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот да донесе решение со кое на операторот Друштво за телекомуникации, трговија и услуги ДРИМ САТ ИПТВ ДООЕЛ увоз-извоз с.Чегране-Гостивар ќе му изрече мерка јавна опомена и ќе му наложи веднаш по приемот на решението, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис кој не е регистриран во Агенцијата.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Советот на Агенцијата.

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**